*Програмата на Мајските оперски вечери годинава предвиде и две балетски претстави: „Лебедово езеро" од Петар Илич Чајковски и „Жизел" од Адолф Адам со првенците на Бољшој театар од Москва Ала Артушкина и Виталиј Артушкин.*

*Кон светлите програмски остварувања на годинашните фестивалски денови ги додаваме и Гала оперскиот концерт на кој зедоа учество првенци на Југословенските оперски куќи, како и Концертот на Македонската филхармонија со гостите од Загреб, диригентот Павле Дешпаљ и виолончелистот Валтер Дешпаљ.*

**Веселинка Бабамова**

Трета програма,
Радио Скопје - 1988

## македонска ликовна хроника

*Македонската ликовна сцена, гледано ретроактивно една година наназад, ја обојува извонреден подем во доменот на пластичниот (мислиме на скулпторскиот) израз кој скоро исклучиво ѝ припаѓа на младата генерација. Тоа јасно се покажа и на „Биеналето на младите" кое во минатата година стартуваше во Музејот на современата уметност во Скопје. Она што тука се случуваше говори за една, без сомнение, талентирана и охрабрувачка генерација, чии размислувања се шират во поширок распон на стилските определби, но чија заедничка компонента е ПРОСТОРОТ што, пред сѐ, се однесува на структурата. Во тој контекст треба да се подвлече дека пластичниот израз е оној водечки прогресивен елемент во развојот на ликовната мисла на младите во Македонија. Овие млади автори, меѓу кои треба да се истакнат Глигор Стефанов, Томе Аџиевски, Станко Павлевски, Исмет Рамичевиќ, Гордана Николовска и Маргарита Киселичка-Калајџиева, се основата на она што значи современ македонски ликовен јазик. Скоро во сите „чинови" на нивното творештво јасно се уочува заедничката компонента што се однесува на соживувањето преплетувањето и соединувањето на просторот, на нашето бивствување и просторот на егзистенцијата на самото дело – просторот во кој животот се стопува со ликовноста.*

*Томе Аџиевски се определува за солуција која подразбира двојност во егзистенцијата на формата, односно развиорена форма што се движи кон одредена екстровертност, кон „прифаќање" друг простор – оној во кој се наоѓа, додека неговата „друга" скулптура се однесува на интровертните објекти – дела што се доволни самите себеси и кои значат еден вид обелиск, симболи на минатите светови со акценти на новата симболика на нашето време. Во таа смисла првите дела би подразбирале симболика на минливото и ефемерното, додека овие другите се свртуваат кон некои потрајни вредности преку егзистенцијални симболи и облици. Исмет Рамичевиќ е насочен кон внесување препознатливи елементи на реалниот свет на прочистените, редуцирани и во една знаковно – значењска форма на продадени симболи на релацијата небо – земја во просторите што се откриваат во внатрешноста на самото дело. Така симплифициран и сублимиран просторот наводно „му вража" на природниот амбиент. Всушност, авторот гради свој идеален простор токму преку аналитичко расчленување на надворешниот простор и на повторната син-*

*Емитувано на 6 април 1988 година*

теза на препознатливо – автентичните елементи земени од природата и преку додадените стилизирано – симболички елементи до степен на самостојно создавање еден поинаку конструиран „природен простор".

Станко Павлеск чија самостојна изложба беше неодамна во Домот на младите во Скопје, изгледа дека „тргнал" по еден поинаков пат на размислување – не за просторот, туку размислување или „мислење за просторот". Овој несомнено интересен и талентиран автор во своите разгледувања на просторот како феномен дошол до посебни резултати или тези за пробивањето на просторот до степен на целосно соединување и сожнвување со него. Делото во овој случај е самиот простор кому му се прилагодува и на кој се подредува. Тоа би значело дека реалниот простор (станува збор за урбаниот амбиент) егзистира заедно со ликовната архитектоника на делото односно станува негова надградба или обратно – делото ја надградува постојната просторна целина. Така столбот, или аголот, или дури и рамната ѕидна површина, имаат свои „синоними" во формите што авторот ги креира и кои апсолутно се нераскинлив дел од постојната архитектонско-просторна интеграција. Тоа би значело дека нивната егзистенција не постои надвор од просторот на кои се градени, или без него тие се обесмислуваат. Во другата група фигури на Павлески исто како и кај поголем број млади автори кои настојуваат да не се задоволуваат со канонизиран тип размислување и со стереотипни решенија тој немилосрдно се зафаќа со проблемот на малевичевскиот тип на размислување, пренесувајќи го од површината на просторот, о од поинаква страна и со чисто г -метриски – визуелни решенија ..а тајната на компонирањето и на играта на геометриските форми. Засега судејќи според сѐ овој млад автор ни дава добра подлога за размислување и за неговите натамошни движења и идејно-ликовен дијаграм кој „просторно" се гради и надградува.

Како веќе оформени, млади афирмирани автори се јавуваат Глигор Стефанов и Петре Николоски чие присуство е забележано на изложбата „Шест македонски ликовни уметници" во организација во Музејот на современата уметност од Скопје, а која беше прикажана во Загреб, Сараево и Белград. И двајцата се насочени кон природните материјали – Николоски и кон просторно, амбиентално компонирање на формите – главно асоцијативни и симболични. Додека Николоски гради форми главно во големи димензии од прачки и гранки поврзувајќи ги со коноп, а во чија раширеност се засновува симболичната фабула за битието на постоењето и на смислата, Глигор Стефанов преку своите „летачки" и разубавени форми – објекти, набиени со чудна динамика со зраци од нив самите, ја оформува композицијата од слама што е најчесто прекршена и вградена во дијагонална линија, поставувајќи ја во чиста и едноставна архитектонска целина. Во своите понови дела Стефанов внесува во заднината чисто сликарски елементи, осликани на површината од хартијата, главно монохромна, всушност слични на просторното продлабочување, имитрајќи ги можните простори, односно сопствените простори на делото. Маргарита Киселичка – Калајџиева скопската публика, исто така, неодамна имаше можност да ја види во поширок обем на нејзината прва самостојна изложба во Домот на младите. Нејзината едноставна скулпторска композиција од дрво, рустична и сведена на сосема пречистени еле ленти – парчиња земени во својат скоро природна едноставност и 1агородност што дрвото како материјал може да го даде, многу повеќе упатува на просторите, односно на шуплините – отвори што ги градат самото лоцирање и поставувањето на деловите на композицијата.

*И покрај тоа што скулптуралното пластично размислување е примарно во македонската ликовна уметност (пред сѐ, според квалитетот иако квантитетот е помал), неколку млади сликари како што се Благоја Маневски, Јован Шумковски, Жанета Вангели и Марина Лешкова достоинствено „ги бранат боите" на ликовното кажување. Благоја Маневски веќе ни беше претставен со самостојна изложба, додека другите автори се на пат кон такви остварувања. За разлика од еднопотезните, експресионистички гестови на редуцираните композиции на црно-белите обојувања на Жанета Вангели во кои доминира силата на изразот и јасната мисла транспонирана во краток и јасен говор пречистен и изграден зрел ликовен, индивидуален јазик, Благоја Маневски, употребува различни ракописи и различни ликови говори, ги усогласува во циклуси што имаат своја логика во сопствената внатрешност и во односите што ги воспоставуваат овие ракописи. Со тоа „паноптикумот на различните претстави" авторот го „организира" во систем на нивна непосредна комуникација кој промовира еден нов свет посматран во својата структурална форма, а заснован врз „структурите со различно значење", односно, врз оние содржини што Маневски ги смета како супериорни искуства врз кои може да се базира градењето на сликата. И додека овој млад автор варира, ги усогласува и ги стопува најразновидните ракописи кои во заемен дијалог се спојуваат во неверојатна хармонија Јован Шумковски својата мисла ја упатува на ликовниот јазик на конкретни историски содржини кои во процесот на личната индивидуална градба ги транспонира во лични реплики на содржините врз кои се базира, а кои натаму се надградуваат во специфичен комплекс на односот на површините и нивната „обоена содржина".*

*Според својот суптилен и префинет ракопис, Марина Лешкова во голема мера се одделува од ликовната синтакса на другите. Може, како за Благоја Маневски (условно речено), да се претпостави дека нејзината логика се темели врз многу осмислен одбран сплет на ликовни говори од почетокот на модерната, работени во згаснати тонови со „инкарнати" на силни бои, силни и сигурни потези на четката, кои во овие композиции, со необична атмосфера, иницираат суптилен спој на осведочени вредности од минатото, искажани во јазикот и времето во кое живееме.*

*Покрај овој евидентен подем на младите автори, секако, би требало да се подвлече и забележаното појавување на неколкумина македонски ликовни уметници на меѓународни и југословенски манифестации во минатата година, како и нивното учество во македонските ликовни простори. Пред сѐ, станува збор за извонредната скулптура во теракота на Анета Светиева, инспирирана од културните обреди во нивните есенцијални видови, имплицирани во знаци што подразбираат различни култури, поднебја и простори, без да им се потчинува на догматските ограничувања. Нејзината тактилно-сетилна и „интровертна" скулптура го подразбира оној концепт што се заснова врз антрополошките, митски константи, развивајќи ја дихотомијата што ѝ овозможува полна суштина и широчина на смислата, предадена преку личен, специфичен репертоар на вредностите. Во рамките на презентирањето на југословенската селекција, Светиева беше застапена на Меѓународното биенале на мала пластика во Будимпешта, на Меѓународното биенале во Истанбул, на изложбата „Млада југословенска уметност" (заедно со Глигор Стефанов) во Грац, Виена, Клагенфурт, Прага, Дубровник, Белград и Сараево, како и на југословенските традиционални биенални манифестации, што, исто така, може да се каже и за Глигор Стефанов кој заедно со Светиева е застапуван во речиси сите најзна-*

чајни југословенски и меѓународни селекции.

Еден мошне интересен сликар, Димитар Манев, со својата самостојна изложба во минатата година обиколи неколку југословенски центри, потоа излагаше на традиционалната меѓународна изложба во Кан сир Мер, на југословенските Биенала а конечно деновиве отвори самостојна изложба во Париз. Во своите истражувачки комплекси Манев ги преплетува и меѓусебно ги проникнува формите движејќи ги постојано во контрасти и спротивности што заемно се дополнуваат и усогласуваат. Неговите композиции содржат одредени асоцијативни елементи што се базираат врз преживеани фабули од стварниот живот, врз оние реалитети врз кои се базираат и битните животни вистини или пак сопствената вистина на уметникот. Манев му припаѓа на оној импулсивен тип уметници чија експресивна природа не останува закожурчена во своите однапред потцртани постулати, туку несвесно и спонтано реагира и одговара на новите појави во уметноста на нашето време.

На крајот ќе додадеме дека, покрај овие дострели, македонската ликовна сцена, како никогаш порано, е обележана со генерацијата на младите творци што во миговите на времето што доаѓа како една потребна и вистинска дистанца ќе можат пореално, пообјективно и поправдано да се вреднуваат како автори од кои во моментот очекуваме да ги оправдаат овие постулати и да ги претворат во факти.

**Викторија Васев–Димеска**